**20261662460**

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА

Врз основа на член 94 став (4) од Законот за основното образование („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 161/19, 229/20, 3/25, 74/25, 250/25 и 111/26), министерот за образование и наука, донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА, НАЧИНОТ НА ВОДЕЊЕ И ИЗДАВАЊЕ НА СВИДЕТЕЛСТВАТА И ДОДАТОЦИТЕ НА СВИДЕТЕЛСТВАТА ВО ЕЛЕКТРОНСКА ФОРМА

Член 1

Со овој правилник се пропишуваат формата и содржината, начинот на водење и издавање на свидетелствата и додатоците на свидетелствата во електронска форма.

Член 2

Јавни исправи што ги издава основното училиште во електронска форма се:

- свидетелство за завршено одделение;
- додатокот на свидетелство за завршено одделение;
- свидетелството за завршено основно образование и
- додатокот на свидетелство за завршено основно образование.

Член 3

(1) Во јавните исправи од членот 2 од овој правилник, се прикажуваат електронскиот потпис на директорот на основното училиште, електронскиот печат на основното училиште и електронскиот временски жиг.

(2) Електронскиот потпис на директорот на основното училиште и електронскиот печат на основното училиште, се видливо означени и придружени со електронски временски жиг.

(3) Со своето име и презиме, одделенскиот наставник, односно раководителот на паралелката, ги потврдува податоците за ученикот.

Член 4

(1) Свидетелството за завршено прво, второ и трето одделение се издава како електронски документ.

(2) Свидетелството за завршено одделение, содржи:

1. Заглавие, кое се наоѓа во горниот дел од документот, ги содржи грбот и името на Република Северна Македонија.

2. Содржина, која се наоѓа во средишниот дел од документот под заглавието, содржи:

- назив на основното училиште, место и општина;
- број на главната книгата, реден број под кој е заведен ученикот/ученичката во главната книга и годината на запишување на ученикот/ученичката во основното училиште;
- единствен образовен број на ученикот/ученичката;
- назив на јавната исправа: СВИДЕТЕЛСТВО ЗА ЗАВРШЕНО ОДДЕЛЕНИЕ;
- одделението што го завршува ученикот/ученичката, наведено со римски број и со букви;

- име на ученикот/ученичката, име на родителот/старателот и презиме на ученикот/ученичката;
- роден/а (ден, месец и година на раѓање), место на раѓање, држава на раѓање и државјанство;
- во која учебна година и по кој пат ученикот/ученичката е запишан во одделението;
- описни оценки за постигнатиот успех по наставните предмети;
- изостаноци (оправдани и неоправдани) и оценка за поведението;
- врз основа на описното оценување ученикот/ученичката го завршил (се запишува со римски број и со букви) одделение од деветгодишното основно образование;
- име и презиме на раководителот на паралелката и
- број и датум на решението за верификација на основното училиште и назив на органот што го верифицирал основното училиште.

3. Подножје, кое се наоѓа на долниот дел од документот под содржината, содржи електронски потпис на директорот, електронски печат на основното училиште, датум на издавање на електронското свидетелство за завршено одделение и електронски временски жиг.

Член 5

(1) Свидетелството за завршено четврто, петто, шесто, седмо, осмо и деветто одделение се издава како електронски документ.

(2) Свидетелството за завршено одделение, содржи:

1. Заглавие, кое се наоѓа во горниот дел од документот, ги содржи грбот и името на Република Северна Македонија.

2. Содржина, која се наоѓа во средишниот дел од документот под заглавието, содржи:

- назив на основното училиште, место и општина;
- број на главната книгата, реден број под кој е заведен ученикот/ученичката во главната книга и годината на запишување на ученикот/ученичката во основното училиште;
- единствен образовен број на ученикот/ученичката;
- назив на јавната исправа: СВИДЕТЕЛСТВО ЗА ЗАВРШЕНО ОДДЕЛЕНИЕ;
- одделението што го завршува ученикот/ученичката, наведено со римски број и со букви;
- име на ученикот/ученичката, име на родителот/старателот и презиме на ученикот/ученичката;
- роден/а (ден, месец и година на раѓање), место на раѓање, држава на раѓање и државјанство;
- во која учебна година и по кој пат ученикот/ученичката е запишан во одделението;
- назив на задолжителните наставни предмети, постигнат успех и оценки;
- назив на изборните наставни предмети, постигнат успех и оценки;
- изостаноци (оправдани и неоправдани) и оценка за поведението;
- врз основа на постигнатиот успех ученикот/ученичката го заврши (се запишува со римски број и со букви) одделението од деветгодишното основно образование со општ успех (се запишува општиот успех на ученикот/ученичката, утврден врз основа на аритметичката средина од позитивните годишни оценки по задолжителните и изборните наставни предмети);
- име и презиме на раководителот на паралелката и
- број и датум на решението за верификација на основното училиште и називот на органот што го верифицирал основното училиште.

3. Подножје, кое се наоѓа на долниот дел од документот под содржината, содржи електронски потпис на директорот, електронски печат на основното училиште, датум на издавање на електронското свидетелство за завршено одделение и електронски временски жиг.

Член 6

(1) Додатокот на свидетелство за завршено одделение се издава како електронски документ.

(2) Додатокот на свидетелството за завршено одделение, содржи:

1. Заглавие, кое се наоѓа во горниот дел од документот, ги содржи грбот и името на Република Северна Македонија.

2. Содржина, која се наоѓа во средишниот дел од документот, под заглавието, содржи :

- назив на основното училиште, место и општина;
- број на главната книгата, реден број под кој е заведен ученикот/ученичката во главната книга и годината на запишување на ученикот/ученичката во основното училиште;
- единствен образовен број на ученикот/ученичката;
- назив на јавната исправа: ДОДАТОК НА СВИДЕТЕЛСТВО ЗА ЗАВРШЕНО ОДДЕЛЕНИЕ;
- одделението што го завршува ученикот/ученичката, наведено со римски број и со букви;
- име на ученикот/ученичката, име на родителот/старателот и презиме на ученикот/ученичката;
- роден/а (ден, месец и година на раѓање), место на раѓање, држава на раѓање и државјанство;
- во која учебна година и по кој пат ученикот/ученичката е запишан во одделението;
- опис на постигањата и стекнатите компетенции по изборните предмети, општествено-корисна/хуманитарна работа, учество во натпревари, ученичките акции и други воннаставни активности;
- име и презиме на раководителот на паралелката и
- број и датум на решението за верификација на основното училиште и називот на органот што го верифицирал основното училиште.

3. Подножје, кое се наоѓа на долниот дел од документот под содржината, содржи електронски потпис на директорот, електронски печат на основното училиште, датум на издавање на додатокот на свидетелство за завршено одделение и електронски временски жиг.

Член 7

(1) Свидетелството за завршено основно образование се издава како електронски документ.

(2) Свидетелството за завршено основно образование, содржи:

1. Заглавие, кое се наоѓа во горниот дел од документот, ги содржи грбот и името на Република Северна Македонија.

2. Содржина, која кое се наоѓа во средишниот дел од документот под заглавието, содржи:

- назив на основното училиште, место и општина;

- број на главната книга за завршено основно образование, реден број под кој е заведен ученикот/ученичката во главната книга и годината на запишување на ученикот/ученичката во основното училиште;
- единствен образовен број на ученикот/ученичката;
- назив на јавната исправа: СВИДЕТЕЛСТВО ЗА ЗАВРШЕНО ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ;
- име на ученикот/ученичката, име на родителот/старателот и презиме на ученикот/ученичката;
- роден/а (ден, месец и година на раѓање), место на раѓање, држава на раѓање и државјанство;
- се потврдува дека ученикот/ученичката (се запишува име и презиме на ученикот/ученичката) врз основа на податоците од педагошката документација и евиденција го заврши деветгодишното основно образование во учебната (се запишува годината) година и се стекна со ниво I по Македонската рамка за квалификации;
- име и презиме на раководителот на паралелката и
- број и датум на решението за верификација на основното училиште и називот на органот што го верифицирал основното училиште.

3. Подножје, кое се наоѓа на долниот дел од документот под содржината, содржи електронски потпис на директорот, електронски печат на основното училиште, датум на издавање на електронското свидетелство за завршено основно образование и електронски временски жиг.

Член 8

(1) Додатокот на свидетелство за завршено основно образование се издава како електронски документ.

(2) Додатокот на свидетелство за завршено основно образование се пополнува од страна на раководителот на паралелката, а истиот се разгледува и потврдува од страна на наставничкиот совет.

(3) Додатокот на свидетелството за завршено основно образование, содржи:

1. Заглавие, кое се наоѓа во горниот дел од документот, ги содржи грбот и името на Република Северна Македонија.

2. Содржина, која се наоѓа во средишниот дел од документот под заглавието, содржи:
- назив на основното училиште, место и општина;
- број на главната книгата, реден број под кој е заведен ученикот/ученичката во главната книга и годината на запишување на ученикот/ученичката во основното училиште;
- единствен образовен број на ученикот/ученичката;
- назив на јавната исправа: ДОДАТОК НА СВИДЕТЕЛСТВО ЗА ЗАВРШЕНО ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ;
- име на ученикот/ученичката, име на родителот/старателот и презиме на ученикот/ученичката;
- роден/а (ден, месец и година на раѓање), место на раѓање, држава на раѓање и државјанство;
- во која учебна година се издава додатокот на свидетелството за завршено основно образование.
- сумарен преглед на постигнувања и ангажманот на ученикот/ученичката од шесто до деветто одделение:

а. Континуитет во интересите и постигањата од областа на:

- природни науки
- општествени науки
- математика
- јазици и литература
- уметности

б. Натпревари, награди и признанија (највисоко постигнато ниво):
- училишно
- општинско
- регионално
- државно
- меѓународно

в. Активно учество и лидерство (се означуваат најмногу две области):
- ученичка заедница
- секции / клубови
- проекти и ученички акции
- волонтерски активности

г.Ниво на улога (се означува највисокото):
- учесник
- организатор
- претставник / лидер

д. Најизразени клучни компетенции врз основа на континуирано покажување во периодот од шесто до деветто одделение (се означуваат најмногу три):
- одговорност и самостојност во извршување на обврските
- тимска работа и соработка
- комуникациски вештини
- иницијативност и ангажираност
- почитување на правила, различности и училишна култура
- име и презиме на раководителот на паралелката;
- број и датум на решението за верификација на основното училиште и називот на органот што го верифицирал основното училиште.

3. Подножје, кое се наоѓа на долниот дел од документот, под содржината, содржи електронски потпис на директорот, електронски печат на основното училиште, датум на издавање на електронскиот додаток на свидетелство за завршено основно образование и електронски временски жиг.

Член 9

Податоците кои се внесуваат во јавните исправи од членот 2 од овој правилник, се преземаат од интегрираната база на податоци која се води од страна на Министерството за образование и наука.

Член 10

(1) Електронскиот документ треба да обезбеди доверливост, сигурност и интегритет, при што визуелно треба да бидат прикажани информациите за електронскиот потпис на директорот и електронскиот печат на основното училиште, како и „QR“-код, односно локација за верификација на јавната исправа од членот 2 од овој правилник, која содржи линк преку кој може да се пристапи до оригиналниот електронски документ.

(2) Визуелниот приказ на електронскиот печат на основното училиште е составен од три дела:

1. визуелен приказ на временскиот жиг,
2. локација за верификација и „QR“-код и
3. циркуларна порака од издавачот на електронскиот документ за валидноста на електронскиот документ.

Член 11

(1) Електронскиот потпис на директорот или електронскиот печат на основното училиште на електронскиот документ, треба јасно да дава информации за датумот и времето кога јавната исправа од членот 2 од овој правилник, е потврдена по електронски пат, при што тие информации се потврдени со електронски временски жиг.

(2) Податоците наведени во ставот (1) на овој член, настануваат во моментот на потврдувањето на документот, при што во тој момент се запишуваат датумот (ден, месец и година) и времето (час, минута, секунда) на издавање на електронскиот документ.

Член 12

(1) Јавната исправа од членот 2 од овој правилник, треба да овозможи верификација на оригиналниот документ преку „URL“-линк за верификација или „QR“-код што води до локацијата каде што е поставен оригиналниот електронски документ.

(2) Преземањето на оригиналот на електронскиот документ треба да се обезбеди преку:

- „URL“-линк што води до локацијата на која е поставен оригиналниот електронски документ, заради верификација на неговата валидност и
- „QR“-код што ја содржи локацијата каде што може да се пристапи до оригиналниот електронски документ, при што истиот треба да биде поставен во долниот десен агол, а документот/линкот да биде заштитен.

(3) Преку јавно достапната локација треба да се овозможи пристап до оригиналниот електронски документ.

Член 13

(1) Свидетелствата и додатоците на свидетелствата во електронска форма во кои е извршен погрешен упис се поништуваат.

(2) За документите од ставот (1) на овој член, се генерира нов документ.

Член 14

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 18-9507/1
16 јули 2026 година
Скопје

Министер за образование
и наука,
проф. д-р **Весна Јаневска**, с.р.